**од практиката за практиката**

# КРИМИНАЛИТЕТ КАЈ МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛЕН ДЕФИЦИТ

*Зоран КИТКАЊ*

Филозофски факултет,
Институт за дефектологија, Скопје

Примено: 29. 05. 2009
Прифатено: 19. 06. 2009
UDK: 316.624-053.6

## *Резиме*

Целта на овој труд е да се прикаже учеството и структурата на рецидивизмот кај малолетните лица со интелектуален дефицит во вкупната маса на малолетничкиот криминалитет во Македонија од пенолошки аспект. Во истражувањето се опфатени 62 испитаника кои се на издржување на казна малолетнички затвор или заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом. Од вкупниот број на малолетници кои се на издржување на една од горе споменатите санкции, малолетните лица со потпросечен IQ застапени се со 56,4%. Прикажаното учество е во пенолошка смисла (се однесува на малолетниците кои се на издржување заводска мерка ВПД или казна малолетнички затвор) што не значи дека оваа категорија на малолетни престапници со толкав процент учествуваат во вкупниот број на пријавени, обвинети и осудени малолетни лица. Според резултатите од истражувањето може да се констатира дека заостанувањето во интелектуалниот развој е индикатор за делинквентно однесување, но во ниеден случај ***не може*** да биде пресуден или најзначаен криминоген фактор. Од вкупниот број на малолетни престапници со интелектуален дефицит 80% се повторници во кривично-правна смисла.

Адреса за кореспонденција:
*Зоран КИТКАЊ*
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" ,
Филозофски факултет,
Институт за дефектологија,
Крсте Мисирков бб, 1000 Скопје,
Република Македонија
email: zorank@fzf.ukim.edu.mk

**from practice to practice**

# CRIMINALITY AT MINORS WITH INTELLECTUAL DEFICIENCY

*Zoran KITKANJ*

Faculty of Philosophy, Institute of Special Education and Rehabilitation, Skopje

Received: 29. 05. 2009
Accepted: 19. 06. 2009
Best practice article

## *Abstract*

The aim of this paper is to present, from penological aspect, the involvement and structure of recidivism at minors with mental deficiency within the whole area of juvenile criminality in Macedonia. The research covers 62 subjects who pay the penalty in juvenile penitentiary or institutional measure directing to correctional institution for minors. Of the total number of minors who hold one of the above-mentioned sanctions, minors with lower average IQ are presented with 56.4%. The shown involvement is in penological terms (refers to minors who hold institutional measure correctional institution for minors or penalty - juvenile penitentiary) which does not mean that this category of juvenile delinquents participate in such percent in the total number of reported, accused and convicted minors. According to the research results it can be concluded that falling behind in intellectual development is an indicator for delinquent behavior but in no case it can be crucial or the most important factor for criminality. Of the total number of juvenile delinquents with intellectual deficit, 80% are repeat offenders in criminal legal sense.

Coresponding Address:
*Zoran KITKANJ*
"St Cyril and Methodius" University,
Faculty of Philosophy
Institute for Special Education and Rehabilitation
Bull. Krste Misirkov bb,
1000 Skopje, Republic of Macedonia
email: zorank@fzf.ukim.edu.mk

Загрижува фактот што 56% од потпросечните малолетни престапници за првпат во судир со законот дошле до 14-та година од животот, односно како категорија на деца.

*Клучни зборови*: *малолетни престапници, потпросечни, рецедивизам, санкции, кривични дела, социјално-пенолошки појави*

***Лицата со интелектуален дефицит и нивната способност за вина***

Лицата со интелектуален дефицит немаат капацитет правилно да расудуваат и да ги оценуваат општествените појави и процеси, т.е. не се во состојба да направат проценка што е дозволено и нормално, а што е забрането и патолошко (1).

Погодната психолошка основа за вршење на кривични дела и други деликти кај малолетниците произлегува од неразвиената способност за прилагодување кон средината, од недоволно развиената свест за последиците на сопственото однесување, од сугестибилноста, како и од немањето на самоконтрола и инхибиции во однесувањето (2).

Леференс лицата со интелектуален дефицит кои манифестирале престапничко однесување, ги дели во четири групи. Првата група на деликвенти со интелектуален дефицит се карактеризираат со брзи и кратки реакции што тешко се запираат. Втората група ја сочинуваат делинквентите кои вршат деликти со елементи на насилство. Во третата група ги вбројува оние малолетни престапници со интелектуален дефицит кои се карактеризираат со голема раздразливост и експлозивност поради што делата ги вршат во афект. Последната група ја сочинуваат тешко ментално заостанати лица кои речиси никогаш не вршат кривични дела (3).

***Класификација на интелигенцијата***

Една од класификациите на интелигенцијата и застапеноста на лицата кои припаѓаат на одредени категории ја дава Векслер и таа изгледа на следниот начин.

Во последно време сè повеќе се истакнува значењето на социјалната успешност како критериум за вреднување на интелигенцијата (4).

Во поглед на кривичната одговорност, односно способноста за вина за нас од посебен

It is of great concern that 56% of the under average juvenile delinquents defied the law for the first time before the age of 14 years that is as children.

***Key words:*** *juvenile delinquents, under average, recidivism, sanctions, criminal acts, socio-penological aspects*

***Persons with Intellectual Deficiency and their Ability for Guilt***

Persons with intellectual deficiency do not have the capacity for proper reasoning and assessment of social manifestations and processes, that is, they cannot make an assessment of what is allowed and normal and what is forbidden and pathological (1).

Favourable psychological basis for committing crimes and other offences at minors emerges from the undeveloped capability for adjustment to the environment, from the insufficiently developed consciousness for the consequences of their own behaviour, from suggestibility as well as lack of self-control and inhibitions in behaviour (2).

Persons with intellectual deficiency who manifest offensive behaviour Leferens divide in four groups: the first group of delinquents with mental deficiency are characterized by rapid and short reactions that can be difficultly stopped. Second group is comprised by delinquents who commit offences with violent elements. Third group encompasses those minor offenders with intellectual deficiency who are characterized by great irritability and explosiveness as a result of which they commit the offences in anger. The last group is comprised of persons with severe mental deficiency who almost never commit criminal acts (3).

***Classification of Intelligence***

Wechsler gives one of the classifications of intelligence and the frequency of persons who belong to a certain category and it is as follows:

Recently, the importance of social successfulness have been emphasised in great extent, as a criterion for evaluating intelligence (4).

In terms of criminal responsibility that is capability for guilt of great interest for us are

интерес се лицата кои имаат интелектуален дефицит како и лицата со гранична интелигенција.

Под гранична интелигенција се подразбира нивото на интелектуална развиеност кое се наоѓа на границата која ги одвојува нормалната, т.е. просечната интелигенција и менталната ретардција. Лицата со гранична интелигенција на стандардизираните тестови постигнуваат од 70-80 IQ, а во некои средини и до 85. Оваа категорија на лица можат да посетуваат редовни училишта, имаат сочувана (развиена) деловна способност, имаат капацитет за самостоен живот, но нејчесто немаат високо образование и не се способни за висококреативни и сложени работни задачи (5).

the persons who have intellectual deficiency as well as persons with borderline IQ.

Borderline IQ indicates a level of intellectual development at the borderline, which divides normal i.e. average intelligence and mental retardation. Persons with borderline IQ score 70-80 IQ at standardized tests, and in some areas up to 85. This category of persons can attend regular schools, have preserved (developed) work ability, have a capacity for independent life, but most frequently do not have higher education and are not capable of highly creative and complex work tasks (5).

| Класификација/ Classification | Граница на IQ/ IQ Limits | Застапеност во %/ Percent included % |
|---|---|---|
| Дефектни/ Defective | *65 <* | 2,2 |
| *Гранични/ Borderline* | *66-79* | 6,7 |
| *Тапи/ Dull* | *80-90* | 16,1 |
| Просечни/ Average | 91-110 | 50 |
| Бистри – нормални/ Bright Normal | 111-119 | 16,1 |
| Супериорни/ Superior | 120-127 | 6,7 |
| Доста супериорни/ Very Superior | 128 | 2,2 |

Кај граничните случаи имаме заостанување во интелектуалниот развој, при што инфериорноста во учењето не е силно изразена. Овие деца се карактеризираат уште и со слаб или недоволно организиран мисловен процес, ригидност во менталното функционирање, слабо помнење и учење и слично (6).

Од претходно кажаното произлегува дека кај малолетните лица со гранична интелигенција, за некои кривични дела кои бараат посложена припрема и извршување, може да се утврди намалена пресметливост.

Не мал број автори категоријата на малолетни престапници со интелектуален дефицит ги означуваат со терминот **заостанување во психичкиот развој**. Според Кандиќ под овој

At borderline cases there is falling behind in the intellectual development where inferiority in studying is strongly expressed. These children are characterized also with weak or insufficiently organized thinking process, rigidity in mental functioning, weak memory and learning and so on. (6)

From the above mentioned it turns that at minors with borderline IQ lowered mental competence can be determined for some criminal acts that require more complicated preparation and execution.

A number of authors the category juvenile delinquents with mental deficiency denote with the term falling behind in the psychological

термин се подразбира интелектуална неразвиеност и неможност за сфаќање на значењето на своето дело и управување со своите постапки (7).

### *Пресметливоста кај малолетните престапници со интелектуален дефицит*

Овој поим доаѓа од правната терминологија, а ја опфаќа способноста на обвинетиот за вина, односно способноста да се биде одговорен за стореното кривично дело. До таквата констатација се доаѓа исклучително по медицински пат, преку стручни психијатриски експертизи, кои судот може, а и не мора, да ги прифати. Значајно е да се напомене дека Кривичниот законик не ја третира директно пресметливоста, туку *непресметливоста* на обвинетиот, поаѓајки од претпоставката дека секое полнолетно лице е пресметливо, односно способно да ги сфати своите постапки - дозволени или недозволени, сè додека не се докаже спротивното (8). *Непресметливоста* е институт кој ја исклучува кривичната одговорност кај сторителите на кривични дела.

Способноста за вина законот најпрвин ја врзува за *возраста* на сторителот во време на извршување на кривичното дело. Според нашите закони сторителите на казнени дела кои имаат под 14 години се сметаат дека се неспособни за вина.Таквата претпоставка важи и за младите малолетни лица, но кај нив *не се исклучува* можноста да се испитаат состојбите што ја исклучуваат пресметливоста и преземањето на мерки на безбедност (9).

Според член 12 од Кривичниот законик ***не е пресметлив*** сторителот кој за време на извршувањето на кривичното дело не бил во состојба да го сфати значењето на своето дело или не можел да управува со своите постапки поради трајна или повремена ментална болест, привремена душевна растроеност или заостанување во психичкиот развој. Наброените состојби претставуваат биолошки основи на непресметливоста чие психолошко дејство се изразува како целосно исклучување на способноста на сторителот да расудува или управува со своите постапки за време на извршување на казненото дело.

Непресметливоста ги опфаќа интелектуалната и волунтаристичката неспособност. Под

development. According to Kandiкj this term denotes intellectual underdevelopment and inability for understanding of the meaning of own action and managing own deeds (7).

### *Mental Competence at Juvenile Delinquents with Intellectual Deficiency*

This term comes from the legal terminology and comprises the ability of the accused for guilt that is the ability to be accountable for the committed crime. Such conclusion can be drawn only medically, through professional psychiatric expertises, which the court can, but not necessarily, accept. It is important to mention that the Criminal Code, takes into account the supposition that every adult is mentally competent that is capable of understanding own actions while proven the opposite (8). Mental incompetence is an institute that excludes criminal accountability at perpetrators of criminal acts.

The ability for guilt the law firstly correlates with the age of the perpetrator in the time of committing the criminal act. According to our laws perpetrators of criminal acts who are under 14 years of age are considered incapable of guilt. Such supposition accounts for juveniles as well, but at them the possibility to investigate the conditions that exclude mental competence and undertake security measures is not excluded (9).

According to Article 12 from the Criminal Code the perpetrator is **mentally incompetent** if at the time when he committed the crime he could not understood the significance of his act or if he could not control his actions because of a permanent or temporary mental illness, temporary mental disorder or retarded mental development (mental incompetence). The above-mentioned conditions represent biological foundations of mental incompetence whose psychological action is expressed as complete exclusion of the ability of the perpetrator to rationalize or control own actions during the time of committing the criminal act.

Mental incompetence comprises intellectual and voluntary inability. The term ***intellectual*** *incompetence* implies inability of the

***интелектуална*** *неспособност* се подразбира неспособност кај сторителот за расудување поради исклучување на свеста сфатена како потполно и непречено доживување на самиот себеси и сознание за сите други околности и односи што го опкружуваат самиот актер на однесувањето. Под ***волунтаристичка неспособност*** се подразбира немање на капацитет кај сторителот за управување со сопствените постапки. Со други зборови кажано, сторителот може да го сфати значењето на делото дури и во ситуации кога не се исклучени болести или растројства, но не може да ги контролира своите постапки (10).

Меѓутоа мора да се има предвид дека Законот зборува за конкретно кривично дело и конкретна вина и не дозволува генерализирање за општа пресметливост на сите душевно болни и ментално недоволно развиени личности. Со други зборови кажано интелектуално недовлно развиена личност, за едно кривично дело, во одредено време, може да е непресметлива, бидејќи IQ му оневозможува правилно да расудува или пак да управува со своите постапки, но во друго време и за друго дело истата индивидуа може да е пресметлива и тоа посебно ако делото е мотивирано од конкретни побуди кои немаат психичка природа. Токму поради споменатото, велиме дека менталното растројство и недоволната интелектуална развиеност не значат секогаш и ослободување од одговорноста (8).

Во ситуации кога биолошките основи на непресметливоста се присутни за време на извршување на делото, но немаат одраз или влијание врз интелектуалната и волунтаристичката способност, пресметливоста не е исключена. (Клептоманот може да е непресметлив ако стори некое дело од имовинска природа, но не и за силување.) Во ситуациите кога некоја од биолошките основи се јави по сторување на делото, таа не може да има ретроактивно дејство врз утврдувањето на кривичната одговорност (10).

**Битно намалена пресметливост** е институт кој е поврзан со дејството на биолошките основи на непресметливоста кое не ја исклучува во целост казнената одговорност (способноста за вина), туку само битно ја реду-

perpetrator for reasoning due to exclusion of conscience understood as a complete and unhindered experience of oneself and awareness of all the other circumstances and relations that surround the very actor of behaviour. The term ***voluntary incompetence*** understands lack of capacity at the perpetrator for governing own actions. In other words the perpetrator can understand the meaning of the act even in situations when diseases or disorders are not excluded but cannot control own actions (10).

However, it should be taken into consideration that the law refers to tangible criminal act or tangible guilt and does not allow generalization for common competence of all mentally ill or mentally underdeveloped persons. In other words intellectually underdeveloped person, for a criminal act in a certain time, could be mentally incompetent, because IQ neutralizes proper judgement or controls his own actions. However, in other time and for other act the same individual could be mentally competent and especially if the act is motivated by concrete impulses which are not of psychological nature. That is why we say that mental disorder and insufficient intellectual development do not always mean release from responsibility (8).

In situations when biological foundations of mental incompetence are present during committing the act but do not have influence on the intellectual or voluntary capability, mental competence is not excluded. (Arsonist can be mentally incompetent if he commits an act of connected with assets but not for rape). In situations when some of the biological foundations occur after committing the act it cannot have retroactive action upon establishing criminal accountability (10).

**Significantly decreased competence** is an institute that is connected with the effect of biological foundations of mental incompetence, which does not entirely exclude punitive accountability (capability of guilt) but only considerably reduces it. The perpetrator with significantly decreased mental competence is capable of guilt, because biological foundations

цира. Сторителот со битно намалена пресметливост е способен за вина, бидејќи биолошките основи на непресметливоста имаат послаб интензитет, но не ја исклучуваат интелектуалната и волунтаристичката способност. Од споменатото може да констатирме дека битно смалената пресметливост претставува факултативна основа за ублажување на казната (10).

Кандиќ (1986) под битно смалена пресметливост подразбира таква состојба кај сторителите каде способноста за сфаќање на значењето на делото и управување со постапките е значително намалена. Од наведеното произлегува дека значително смалената пресметливост значи дека сторителот за време на извршувањето на делото бил пресметлив, но не во таа мера или до тој степен како целосно пресметливиот сторител на кривично дело (7).

***Намалена пресметливост*** имаме во оние случаи кога способноста на сторителот да го сфати значењето на делото или способноста да управува со своите постапки била намалена поради некоја од биолошките основи, но не во мера што може да се смета за битно намалување, поради што сторителот е пресметлив и може да биде прогласен за виновен, со тоа што судот небитно намалената вина ја зема како олеснувачка околност при одмерување на казната (10).

### *Цел на истражувањето*

Да се утврди учеството и структурата на повторот кај малолетните лица со интелектуален дефицит во вкупниот број на малолетни престапници кои се на издржување на заводска мерка (воспитно-поправен дом) или казна малолетнички затвор.

## *Методологија на истражувањето*

### *Примерок*

Со истражувањето беа опфатени 62 малолетни лица од кои 22 малолетни престапници издржуваат казна малолетнички затвор во Малолетничкиот затвор во Охрид, 35 се на издржување заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом во ВПД - Тетово (во моментот лоциран во кругот на Истражниот затвор „Шуто Оризари“ во Скопје) и 5 ма-

of mental incompetence have lower intensity, but does not exclude intellectual and voluntary capability. From the above-mentioned one can conclude that significantly decreased mental competence represents a facultative basis for alleviation of punishment (10).

Kandiкj (1986) argues that significantly decreased mental competence is a condition at perpetrators where capability for understanding the meaning of the act and governing of the actions is considerably diminished. From the above-mentioned one can say that significantly decreased mental competence means that during committing the act the perpetrator was mentally competent but not in such extent as fully competent perpetrator of a criminal act (7).

**Decreased mental competence** occurs in those cases when the ability of the perpetrator to understand the meaning of the action or ability to govern his actions had been decreased due to some of the biological foundations but not in extent that can be considered for significant decrease because of which the perpetrator is mentally competent and can be found guilty, so that the court takes the significantly decreased guilt as alleviating circumstance when reaching the sentence (10).

### *Aim of the Research*

The aim of the research was to establish the participation and structure of repeating the act at minors with intellectual deficit in the total number of juvenile delinquents who hold institutional measure correctional institution for minors or penalty - juvenile penitentiary.

## *Methodology of Research*

### *Sample*

The research covered 62 minors out of whom 22 juvenile delinquents pay the penalty - juvenile penitentiary in the Juvenile Penitentiary in Ohrid, 35 hold institutional measure correctional institution for minors in the Correctional Facility in JP-Tetovo and 5 minors who pay the

лолетници кои издржуваат казна малолетнички затвор во казненопоправниот дом „Идризово“ во Скопје. (Според Казнениот закон на РМ (2004) и Законот за малолетничка правда (2007) лицата кои наполниле 23 години живот, казната малолетнички затвор ја издржуваат во казненопоправен дом за возрасни).

penalty - juvenile penitentiary in the Juvenile Penitentiary Idrizovo in Skopje. (According to the Criminal Code of RM (2004) and Juvenile Justice Law (2007) persons who turned 23, pay the penalty - juvenile penitentiary in a correctional facility for adults).

***Методи во истражувањето***

Во истражувањето е користен дескриптивниот метод со цел да се опише учеството и структурата на повторот кај малолетниците со интелектуален дефицит во вкупниот број на малолетници кои издржуваат една од споменатите санкции.

***Research Methods***

Descriptive method was used in the research in order to describe the participation and structure of repeating the act at minors with intellectual deficit in the total number of minors who pay one of the abovementioned sanctions.

***Техники на истражувањето***

*Анализа на содржина на готови документи* е основна постапка во собирањето на податоците од истражувањето.

***Research Techniques***

*Contents analysis of documents* was the main procedure in collecting data for the research.

***Инструменти на истражувањето***

- Персонално досие на осудените лица (матични и евиденциски листови на осудените, судски пресуди, наоди и мислења на ЦСР, извештаи од други пенитерсиерни установи).
- Стручно досие на осудените малолетни лица (извештаи од стручните тимови и групните воспитувачи).

***Research Instruments***

- Personal file of the convicts (parent and evidence sheets of the convicts; court verdicts; findings and opinions of CSR; reports from other penitentiary institutions)
- Expert file of convicted minors (reports from expert teams and group teachers)

## *Резултати и дискусија*

## *Results with diiscussion*

### *Застапеност на малолетните престапници со интелектуален дефицит во малолетничкиот криминалитет*

### *Frequency of Juvenile Delinquents with Intellectual Deficit in Criminality at Minors*

**Табела 1.** IQ кај малолетните престапници

**Table 1.** IQ at juvenile delinquents

| Малолетни престапници/ Juvenile delinquents | ВПД Тетово/ JP Tetovo | | МЗ Охрид/ JP Ohrid | | КПД Идризово/ JP Idrizovo | | Вкупно/ Total | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Просечни/ Average | 9 | 14,5 | 9 | 14,5 | / | / | 18 | 29,1 |
| Гранични/ Borderline | 4 | 6,4 | 3 | 4,9 | 2 | 3,2 | 9 | 14,5 |
| Потпросечни/ Below Average | 22 | 35,5 | 10 | 16,1 | 3 | 4,9 | 35 | 56,4 |
| Вкупно/ Total | 35 | 56,4 | 22 | 35,5 | 5 | 8,1 | 62 | 100 |

Од вкупно 62 испитаника 35 се на издржување заводска мерка упатување во ВПД; 22 ја издржуваат казната малолетнички затвор во Малолетничкиот затвор во Охрид и 5 испитаници ја издржуваат казната малолетнички затвор во КПД „Идризово“ (во РМ лицата кои се постари од 23 години казната малолетнички затвор ја издржуваат во КПД „Идризово“).

Од вкупниот број на осудени малолетници 29% имаат просечна интелигенција, 14,5% имаат гранична и 56,4% имаат IQ под просек. Според истражувањата на Бакиќ (1995) на стандардизираните тестови за интелигенција, од испитаниците во Заводот Туропоље (Хрватска) 22% покажале IQ под просек, 68% просечна интелегенција, а 10 % натпросечна интелигенција. Од податоците на табелата се констатира дека најголем број на малолетници имаат IQ под просек. Ако во оваа група се вредат и престапниците со гранична интелигенција тогаш бројот на лицата со интелектуален дефицит би бил 70,9% од малолетниците кои се на издржување на некоја од споменатите санкции. *Таквата преваленција на лицата со интелектуален дефицит главно се должи на нивната сугестибилност како карактерна особина и помалата способност за расудување и предвидување на можните последици од дејствијата што ги преземаат. Друга причина за таквата процентуална застапеност на оваа категорија на малолетни престапници се должи на нивната помала способност да ги скријат материјалните траги од стореното дело како и неможноста да изготват лажно алиби.* ***Поради наведените причини велиме дека интелектуалниот дефицит е можен, но не најзначаен или пресуден фактор за делинквентно однесување.***

### *Повтор кај малолетниците кои се на издржување на казна ВПД или казна малолетнички затвор*

Од вкупниот број на малолетници кои се на издржување на заводска мерка ВПД или казна малолетнички затвор **74,2% се рецидивисти** и тоа 46% сториле повеќе кривични дела од иста група **(специјални повеќекратни повторници),** 17,8% малолетници

Of the total 62 subjects, 35 subjects hold institutional measure correctional institution for minors in the Correctional Facility in JP; 22 pay the penalty - juvenile penitentiary in the Juvenile Penitentiary in Ohrid, and 5 subjects pay the penalty - juvenile penitentiary in the Juvenile Penitentiary Idrizovo.

Of the total number of convicted minors, 29% have average IQ, 14.5% have borderline IQ and 56.4% have below average IQ. According to the researches of Bakikj (1995) 22% of the subjects in the Institute Turopolje (Croatia) showed below average IQ, 68% average IQ and 10% above average IQ at standardized IQ tests. As shown in the table one can conclude that most minors have below average IQ. If this group covers delinquents with borderline IQ then the number of persons with intellectual deficit would be 70.9% from the minors who pay some of the above-mentioned sanctions.

Such predominance of persons with intellectual deficit is mainly due to their suggestibility as character feature and lower capability for judgment and anticipation of possible consequences from the actions they undertake. *Other reason for such percentage frequency of this category of juvenile delinquents is due to their lower capability to cover material evidence of the committed crime as well as impossibility to prepare false alibi.* ***As a result of the above stated reasons we say that intellectual deficit is possible but not the most important or crucial factor for delinquent behaviour.***

### *Repetition at minors who hold institutional measure correctional institution or pay the penalty - juvenile penitentiary*

Of the total number of minors who hold institutional measure correctional institution or pay the penalty - juvenile penitentiary **74.2% are recidivists** that is 46% committed more criminal acts from the same group **(special multiple offenders),** 17.8% of the minors did

сториле повеќе кривични дела од различна група **(општ повеќекратен повтор);** 8% од малолетниците по вторпат извршиле исто кривично дело **(обичен специјален повтор)** и еден малолетник сторител е на две кривични дела од различна група (**општ обичен повтор).**

more criminal acts from different group **(common multiple repetition);** 8% of the minors committed the same criminal act for the second time **(common special repetition)** and one minor is a perpetrator of two criminal acts from different group **(common ordinary repetition).**

**Табела 2.** Повтор кај малолетните лица кои се на издржување на заводска мерка или казна малолетнички затвор

**Table 2.** Repetition at minors who hold institutional measure correctional institution or pay the penalty - juvenile penitentiary

| Вид на повтор/ Type of Repetition | Испитаници/Subjects | | | | | | Вкупно/ Total | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Просечни/ Average | | Гранични/ Borderline | | Потпросечни/ Below Average | | | |
| | N | % | N | % | N | % | N | % |
| Општ повеќекратен/ Common Multiple | 3 | 4,8 | 4 | 6,5 | 4 | 6,5 | 11 | 17,8 |
| Општ обичен/ Common Ordinary | 1 | 1,6 | / | / | / | / | 1 | 1,6 |
| Специјален повеќекратен/ Special Multiple | 7 | 11,3 | 1 | 1,6 | 21 | 33,9 | 29 | 46,8 |
| Специјален обичен/ Special Ordinary | / | | 2 | 3,2 | 3 | 4,8 | 5 | 8,0 |
| Примарни/ Primary | 7 | 11,3 | 2 | 3,2 | 7 | 11,3 | 16 | 25,8 |
| Вкупно/ Total | 18 | 29 | 9 | 14,5 | 35 | 56,5 | 62 | 100 |

***Од податоците може да се констатира дека 80% од потпросечните малолетни сторители на кривични дела кои се на издржување на заводска мерка или казна малолетнички затвор се рецидивисти.*** Кај оваа категорија на малолетни сторители најзастапен е специјалниот повеќекратен повтор. Кај малолетните престапници со гранична интелигенција имаме 77,8% рецидивизам. Кај оваа категорија најмногу е застапен општиот повеќекратен повтор. Од вкупниот број (18) малолетни престапници со просечен IQ 11 или 61,1% се рецидивисти и тоа најмногу специјален повеќекратен повтор.

***The data shows that 80% of the below average juvenile perpetrators of criminal acts who hold institutional measure correctional institution or pay the penalty - juvenile penitentiary are recidivists.*** At this category of juvenile offenders the most frequent is special multiple repetition.

At minor offenders with borderline IQ there is 77.8% recidivism. At this category most frequent is common multiple repetition.

From the total number (18) of minor offenders 11 or 61.1% with average IQ are recidivists and most commonly with special multiple repetition.

### *Рано почнување со вршење на кривични дела*

Загрижувачки е фактот што 80,6% од испитаниците кои се на издржување на некоја од споменатите санкции сториле кривични дела како категорија на деца, т.е. до 14-тата година од животот. Уште позагрижувачки е фак-

### *Early Beginning with Committing Criminal Acts*

It is of great concern that 80.6% of the subjects who pay some of the mentioned sanctions committed a criminal act as a category of children i.e. up to 14 years of age. Furthermore, it is of greater concern is that 20.9% of them

тот што 20,9% од нив сториле кривични дела на возраст до 10 години, 24,2% до 12 години и 35,5% до навршени 13 години живот. ***Повеќе од 56% од потпросечните малолетни престапници за прв- пат во судир со законот дошле до 14-тата година, т.е. како категорија на деца.***

committed a criminal act at the age up to 10 years, 24.2% up to 12 years of age and 35.5% up to 13 years of age. ***More than 56% of below average juvenile offenders time broke the law for the first up to 14 years of age i.e. as a category of children.***

**Табела 3.** Возраст кога првпат биле во судир со законот

***Table 3.*** *Age when they first broke the law*

| Возраст/ Age | Малолетни престапници/ Juvenile Offenders | | | | | | Вкупно/ Total | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Просечни/ Average | | Гранични/ Borderline | | Потпросечни/ Below Average | | | |
| | N | % | N | % | N | % | N | % |
| до 10 год./ Up to 10 | 3 | 4,8 | 2 | 3,2 | 8 | 12,9 | 13 | 20,9 |
| до 12 год./ Up to 12 | 3 | 4,8 | 2 | 3,2 | 10 | 16,2 | 15 | 24,2 |
| до 14 год./ Up to 14 | 7 | 11,3 | 5 | 8,1 | 10 | 16,1 | 22 | 35,5 |
| 14-18 год./ 14-18 | 5 | 8,1 | 0 | 0 | 7 | 11,3 | 12 | 19,4 |
| Вкупно/ Total | 18 | 29 | 9 | 14,5 | 35 | 56,5 | 62 | 100 |

## *Заклучоци:*

Голем број малолетни лица - 35 или 56,4% од вкупно 62 кои се на издржување на една од споменатите санкции (казна малолетнички затвор или упатување во воспитно- поправен дом), имаат интелектуален дефицит, односно IQ под просек. Гранична интелигенција имаат 14,5% од испитаниците, а останатите 29,1% се со просечен IQ. Поради наведеното велиме дека интелектуалниот дефицит е можен (но не и пресуден) фактор за делинквентно однесување.

Загрижува фактот што 80% од малолетниците со интелектуален дефицит се рецидивисти во кривично правна смисла. Специјалниот повеќекратен повтор (60%) е доминантен кај оваа категорија на осудени малолетни лица.

Најголем број на малолетници - 50 (од вкупно 62 испитаника) или 80,6 % меѓу кои и оние со интелектуален дефицит за првпат во судир со законот дошле пред да наполнат 14 години живот. Од малолетниците со IQ под просек 56% манифестирале делинквентно однесување како категорија на деца, односно до својата 14-та година.

## *Conclusions:*

A number of minors, or to be more precise, 35 or 56% out of 62 individuals who pay some of the above-mentioned sanctions (penalty - juvenile penitentiary or correctional institution for minors) have intellectual deficit that is below average IQ. 14.5% of the subjects have borderline IQ and the rest 29,1% have average IQ. As a result of the above stated reasons we say that intellectual deficit is possible (but not crucial) factor for delinquent behaviour.

It is of great concern that 80% of the minors with intellectual deficit are recidivists in criminal legal sense. Special multiple repetition (60%) is dominant at this category of convicted juvenile offenders.

Most minors, 50 (out of 62 subjects) or 80.6% among whom those with intellectual deficit, breached the law for the first time before turning 14 years. 56% of the minors with below average IQ manifested delinquent behaviour as a category of children i.e. up to 14 years of age.

Раното почнување со вршење на кривични дела претставува сериозен научен, социјален и општествен проблем со кој општествената заедница треба да се позанимава и одговори на истиот со сите расположливи средства и мерки бидејќи само на тој начин можат да се заштитат општествените и индивидуалните добра и вредности, како и самите актери на делинквентното однесување.

Структурата на малолетните престапници во пенитерсиерните установи бара соодветен стручен кадар кој комплетно ќе одговори на потребите на третманот на ресоцијализација на осудените малолетни лица.

Early beginning of committing criminal acts represents a serious scientific, societal and social problem which should be addressed by the community and tackled with all available means and measures since that is the only way to protect social and individual goods and values as well as the very actors of delinquent behaviour.

The structure of minor offenders in penitentiaries requires appropriate specialized personnel who will respond completely to the needs of re-socialization treatment of the convicted minors.

***Литература / References***


1. Sulejmanov Z. *Kriminologija*, Grafos, Skopje, 2007
2. Aleksoski S. *Kriminalna psihologija,* Pedagoshki fakultet – Shtip, P.P Elvod-Prilep 1997
3. Leferens H. *Autogoben Siner Modernen Criminology*, 1986
4. Bukelich J. *Socijalna psihijatrija*, Zavod za udzhbenike i nastavna sredstva, Beograd, 2000
5. Trebjeshanin Zh. *Rechnik psihologije,* Stubovi culture, Beograd, 2000
6. Kjaeva Pejkova M. *Intelektualen deficit i granichni sluchai* vo Mentalno zdravje i uchilishniot uspeh, Zavod za mentalno zdravje na deca i mladinci, Skopje
7. Kandiкj P. Z. *Osnovi krivichnog prava,* Nauchna knjiga, Beograd, 1986
8. Chadlovski G. *Kriminalistichka psiho-logija,* Koniks, Skopje, 1993
9. Criminal Code of the Republic of Macedonia (Integrated Text) Official Gazette of RM no.19/2004, Article12
10. Kambovski V. *Kazneno pravo, opsht del*, Kultura, Skopje, 2005
11. Law on Execution of Sanctions (Official Gazette of RM no. 2/2006)
12. Juvenile Justice Law (Official Gazette of RM no. 87/2007)